| МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ | MACEDONIAN BANK FOR DEVELOPMENT PROMOTION |
|---|---|

Објавено на 31.07.2013 година

Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Македонија за објавување извештаи и податоци од страна на банката („Службен весник на РМ" бр.134/2007), Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје објавува:

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ

со состојба 30.06.2013 година

## СОДРЖИНА:


1. Податоци за Банката
2. Податоци за акционерската структура на Банката – акционери со квалификувано учество
3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Банката
4. Податоци за системите и процесот на управување со ризиците


| 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА | |
|---|---|
| Назив | Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје |
| Седиште | Скопје, ул. Вељко Влаховиќ бр. 26 |
| Единствен матичен број | 5240425 |
| Организациона структура | Дадена е во Прилог на крајот од извештајот |
| Број на вработени на 30.06.2013 год. | 41 |
| Преглед на финансиски активности кои Банката може да ги врши согласно дозволата за основање и работење издадена од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија | 1. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и финансирање на комерцијални трансакции,<br>2. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување,<br>3. Откуп, продажба и наплата на побарувања,<br>4. Платен промет во земјата и во странство во свое име и за своја сметка,<br>5. Факторинг и форфетинг за сметка на клиенти,<br>6. Прибирање, обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и нивна продажба,<br>7. Економско-финансиски консалтинг,<br>8. Кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици. |

| | |
|---|---|
| Преглед на финансиски активности кои Банката во моментот ги врши и за кои има согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија | 1. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и финансирање на комерцијални трансакции,<br>2. Платен промет во земјата и во странство во свое име и за своја сметка,<br>3. Факторинг,<br>4. Прибирање, обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица и нивна продажба,<br>5. Кредитно осигурување од комерцијални и политички ризици. |
| Преглед на финансиски активности за кои од страна на Гувернерот на Народна банка на Република Македонија е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста | / |
| **2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА БАНКАТА - АКЦИОНЕРИ СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО** | |
| Назив на акционерот и седиште | Влада на Република Македонија, Скопје, бул. Илинден 66 |
| Процент на учество во вкупниот број акции | 100% |
| Процент во вкупниот број издадени акции со право на глас во банката | 100% |
| **3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И ЗА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ НА БАНКАТА** | |
| Износ на почетниот капитал кој е запишан во Централниот регистар | 1.193.792 илјади МКД |
| Број на акциите од секој род и класа, како и номинален износ на акциите | Обични акции 384.103<br>Номинална вредност на една акција 3.108 МКД<br>Вкупен номинален износ 1.193.792 илјади МКД |
| Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствените средства и износ и компоненти на основниот капитал | Номинална вредност на уплатени акции 1.193.792 илјади МКД<br>Резервен фонд 678.637 илјади МКД |
| Износ и компоненти на дополнителниот капитал I и дополнителниот капитал II | / |

| | |
|---|---|
| Вид на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал и нивниот износ | / |
| Вкупниот износ на сопствените средства со состојба на 30.06.2013 година | 1.872.429 илјади МКД |
| Висина на адекватноста на капиталот со состојба на 30.06.2013 година | 23,34 % |
| Висина на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот | 508.135 илјади МКД |
| Висина на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот | 110.294 илјади МКД |
| Висина на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, при што одделно се прикажува износот на капиталот потребен за покривање на генералниот и специфичниот ризик од вложувања во сопственички хартии од вредност и вложувања во должнички инструменти од портфолио на тргување и износот на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака и ризикот од друга договорна страна | / |
| Висина на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена | / |

| | |
|---|---|
| на цена на стоки | |
| Висина на капиталот потребен за покривање на надминување на лимитите на изложеност | / |
| Висина на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик | 23.359 илјади МКД |
| Висина на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици, или доколку НБРМ утврдила дополнителен износ на потребен капитал заради природата, видот и обемот на активностите кои што ги извршува банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности | Капитал потребен за покривање на други ризици – 66.681 илјади МКД |
| **4. ПОДАТОЦИ ЗА СИСТЕМИТЕ И ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ** | |
| **4.1. СТРАТЕГИИ И ПРОЦЕСИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СЕКОЈ ПОЕДИНЕЧЕН РИЗИК** | |
| **4.1.1. КРЕДИТЕН РИЗИК** | |
| Опис на политиката за вршење на исправка на вредноста и за издвојување на посебна резерва | На секој датум на утврдување на исправка на вредност/посебна резерва, Банката оценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиските средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување, како резултат на еден или повеќе настани кои настанале по иницијалното признавање на средствата и настанот има влијание на предвидениот иден готовински тек на средството.<br>Банката врши проценка на постоењето на објективен доказ за оштетувањето на поединечна основа за сите изложености. Износот на загуба претставува разлика меѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на идните парични текови дисконтирани со примена на оригинална ефективна каматна стапка на финансиското средство.<br>Износот на посебна резерва за активните вонбилансни |

| | |
|---|---|
| | позиции на поединечна основа е еднаков на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови врз основа на плаќања на Банката по преземените потенцијални обврски и наплати од клиентот, дисконтирани со тековна пазарна цена на безризични хартии од вредност издадени во иста валута и со ист рок на достасување како валутата и рокот на достасување на очекуваното плаќање или наплата.<br>Банката не врши дисконтирање на очекуваните идни парични текови на изложеност на кредитен ризик со резидуален рок на достасување пократок од една година од датумот на утврдување на износот на загуба по основ на кредитен ризик. Во овој случај, износот на загуба е еднаков на разликата помеѓу сметководствената вредност и износот на очекуваните идни плаќања и наплати по кредитната изложеност. |
| Износ на изложеност на кредитен ризик, пред и по издвојувањето на посебната резерва | • Износ на изложеност на кредитен ризик пред издвојување на посебна резерва – 14.224.903 илјади МКД<br>• Износ на изложеност на кредитен ризик по издвојување на посебна резерва – 14.013.688 илјади МКД |
| Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеноста по пооделни категории на ризик | 13.699.785 илјади МКД<br>А – 98,1%<br>Б – 0,2%<br>В – 0,2%<br>Г – 0,5%<br>Д – 1,0% |
| Износ на достасани кредити | / |
| Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредност, односно е издвоена посебна резерва | 590.796 илјади МКД |
| Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – Република Македонија, земјите членки на ЕУ, останатите земји во Европа, земјите-членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), останати земји | • Република Македонија – 12.277.548 илјади МКД<br>• Земји од ЕУ – 1.647.951 илјади МКД<br>• Европа (останато) – 27.999 илјади МКД<br>• земјите-членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа) – 1.589 илјади МКД<br>• останато – 60.240 илјади МКД |

| | |
|---|---|
| Секторска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик (изложеност кон банки, кон други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти) | • Банки – 11.382.580 илјади МКД<br>• Држава – 84.254 илјади МКД<br>• Нефинансиски институции – 47.062 илјади МКД<br>• Нерезиденти – 1.737.778 илјади МКД<br>• НБРМ – 761.358 илјади МКД<br>• Друго – 2.293илјади МКД |
| Резидуална договорна рочна структура на изложеност на кредитен ризик (со рок на достасување до една и над една година) | • Резидуална договорна рочна структура до една година – 5.748.535 илјади МКД<br>• Резидуална договорна рочна структура над една година – 8.266.791 илјади МКД |
| Структура на изложеност на кредитен ризик по дејности и детално објавување на податоци за најголемата изложеност | • Финансиско посредување – 12.143.938 илјади МКД<br>– износ на достасани кредити – нема<br>– износ на изложеност за која се врши исправка на вредност – нема<br>• Нерезиденти – 1.737.778 илјади МКД<br>• Останато – 133.609 илјади МКД |
| Износ на преструктуирани побарувања согласно Одлуката за супервизорски стандарди за регулирање на достасани а ненаплатени побарувања на банките | 4.754 илјади МКД |
| Движење на исправката на вредност, односно издвоената посебна резерва во текот на периодот за кој се известува | Состојба на 01.01.2013 - 157.965 илјади МКД<br>Дополнителна исправка на вредност - 66.333 илјади МКД<br>Ослободување на исправка на вредност - (36.425) илјади МКД<br>Ефект од курсни разлики - 999 илјади МКД<br>Состојба на 30.06.2013 - 188.872 илјади МКД<br><br>Посебна резерва<br>Состојба на 01.01.2013 - 27.891 илјади МКД<br>Дополнителни резервирања - 26.140 илјади МКД<br>Ослободување на резервирањата - (31.730) илјади МКД<br>Ефект од курсни разлики - 16 илјади МКД<br>Состојба на 30.06.2013 - 22.322 илјади МКД |
| Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно | Управувањето со кредитен ризик односно идентификување, мерење, мониторинг и контрола на кредитен ризик се врши од страна на Одбор за управување со ризици, Комисија за класификација и рекласификација на актива врз основа на |

| | |
|---|---|
| известување | анализи и извештаи изработени од соодветните организациони делови во Банката. Одборот за управување со ризици врши анализа на извештаите за изложеноста на Банката на кредитен ризик и ги следи активностите што се преземаат заради управување со кредитниот ризик. Информации и податоци за кредитен ризик се доставуваат на редовна основа и до Управниот одбор и Надзорниот одбор на Банката. |
| Политика за заштита и намалување на ризикот и процедури за следење на ефикасноста на извршување на политиката | • Систем на лимити<br>Главен инструмент за контрола на кредитниот ризик во Банката е системот на лимити на изложеност.<br>• Обезбедување навремени, целосни, јасни и точни информации,<br>• Точно вреднување на компонентите на кредитен ризик на договорите за кредити, факторинг, за осигурување, гаранции,<br>• Носење одлуки за идна кредитна задолженост во зависност од структурата и содржината на постојното портфолио,<br>• Одбивање на кредитни изложености со слаба кредитна способност врз основа на однапред дефинирани критериуми,<br>• Дефинирање на високо ризични индустриски сектори, пазари и сл.,<br>• Управување со проблематични изложености на кредитен ризик и др. |
| **4.1.2. ПАЗАРЕН РИЗИК** | |
| Структура на портфолио за тргување по одделни видови финансиски инструменти | Нема |
| Политики за распоредување на одредена позиција во портфолио за тргување или во портфолио на банкарски активности | МБПР ги распоредува позициите кои се вклучуваат во портфолиото за тргување и во портфолиото на банкарски активности со користење објективни критериуми согласно меѓународните стандарди и притоа овие критериуми ги применува на конзистентна основа.<br>Имајќи го предвид фактот дека МБПР е основана со посебен Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот, а исто така во своето работење има специфики со кои се издвојува од работењето на класичните банки, односно |

| | |
|---|---|
| | работи во свое име и за своја сметка и целта на Банката е со избегнување на шпекулативниот начин на работа да го поттикне развојот преку финансирање на мали и средни претпријатија, Банката нема позиции во финансиските инструменти кои може да ги вклучи во портфолиото за тргување, согласно тоа позициите се распоредуваат во портфолиото за банкарски активности. |
| **4.1.3. ОПЕРАТИВЕН РИЗИК** | |
| Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување | Банката има воспоставено процес на самопроценување, односно квалитативна оценка на изложеноста на оперативен ризик, што значи дека процесот го водат менаџерите и вработените, а не надворешни лица. Суштината на овој пристап на квалитативна оценка е идентификација и затворање на контролните јазови што овозможуваат раст на оперативните ризици над прифатливото ниво.<br>Банката има воспоставен систем на известување со кој органите на управување добиваат целосни, споредливи и навремени извештаи во функција на навремено донесување на одлуки во врска со преземањето и управувањето со оперативниот ризик. |
| Пристап кој се користи за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик | Базичен индикатор |
| Политика за заштита и намалување на ризикот и процедури за следење на ефикасноста на извршување на политиката | • Осигурување,<br>• Инфраструктура,<br>• Континуирани активности во насока на подобрување на окружувањето во смисла на целокупната атмосфера во Банката, разбирање и култура на однесување во однос на изложеноста на оперативни ризици,<br>• Воспоставување на План за континуитет на работењето,<br>• Воспоставување на редовна контрола и проверка на трансакциите и сметките и др.<br>• Соодветна организациона структура<br>• Воспоставување код на однесување на вработените |

| 4.1.4. РИЗИК КОЈ ПРОИЗЛЕГУВА ОД КАПИТАЛНИ ВЛОЖУВАЊА КОИ НЕ СЕ ДЕЛ ОД ПОРТФОЛИОТО ЗА ТРГУВАЊЕ | |
|---|---|
| Краток опис на стратегијата на банката за стекнување на капитални делови во други правни лица | МБПР како банка во државна сопственост нема стратегија за стекнување на капитални делови во други правни лица. |
| Краток опис на политиката на банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања | / |
| Износ на капитални вложувања и нивна класификација според видот, односно дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои или за кои не постои активен пазар | / |
| Секторска структура на капитални вложувања (капитални вложувања во банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти) | / |
| Кумулативен износ на реализирани добивки/загуби кои произлегуваат од отуѓувањето на вложувањата во текот на периодот за кој се објавува | / |
| Вкупен износ на нереализирани добивки/загуби од капитални вложувања | / |
| **4.1.5. ЛИКВИДНОСЕН РИЗИК** | |
| Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување | Банката обезбедува соодветна ликвидност преку:<br>• Планирање, управување и обезбедување на адекватен износ на ликвидни средства,<br>• Следење на адекватна рочна структура,<br>• Утврдување и следење на ликвидносни показатели,<br>• Следење на потенцијалните обврски од вонбилансното работење,<br>• Планирање на мерки во случај Банката да се соочи со криза во ликвидноста.<br>Банката има воспоставен систем на известување со кој |

| | |
|---|---|
| | органите на управување добиваат целосни, споредливи и навремени извештаи во функција на навремено донесување на одлуки во врска со преземањето и управувањето со ликвидносниот ризик. |
| Политика за заштита и намалување на ризикот и процедури за следење на ефикасноста на извршување на политиката | Банката воспоставува систем на внатрешна контрола на ликвидноста која ја спроведуваат сите вработени во Банката и воспоставува информативен систем кој овозможува навремено и постојано мерење, следење, контрола и известување во процесот на одлучување при управувањето со ликвидносниот ризик. |
| **СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУНКЦИЈАТА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ** | |
| Банката воспоставува организациска структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземање и управување со ризиците. | |
| Надзорен одбор | - ја одобрува стратегијата за управување со ризиците и го следи нејзиното спроведување,<br>- ги одобрува политиките за управување со одделни ризици и политиката за користење услуги од надворешни лица и го следи нивното спроведување,<br>- ја оценува соодветноста на донесената стратегија и политики најмалку на годишно ниво,<br>- ги разгледува извештаите за управување со поединечните ризици,<br>- ги одобрува лимитите на изложеност на поединечни ризици,<br>- обезбедува услови и ја следи ефикасноста на внатрешната контрола, како составен дел на системот на управување со ризици,<br>- обезбедува услови за ефикасно спроведување на ревизија на управувањето со поединечните ризици од страна на внатрешната ревизија,<br>- други активности согласно законските прописи и интерните акти. |
| | - ја воспоставува и ја спроведува стратегијата за преземање и управување со ризиците,<br>- ги воспоставува и ги спроведува политиките за управување со поединечните ризици,<br>- ја воспоставува политиката за користење услуги од надворешни лица, |

| | |
|---|---|
| Одбор за управување со ризици | - врши мониторинг и оценка на ефикасноста на целокупниот процес на управување со ризици,<br>- врши анализа на извештаите за изложеноста на Банката на поодделните ризици,<br>- одредува и редовно ги ревидира лимитите на изложеност на поодделни видови ризици,<br>- ги дефинира евентуалните исклучоци во однос на дефинираните лимити,<br>- други активности согласно законските прописи и интерните акти. |
| Управен одбор | - воспоставува и спроведува соодветни процедури за идентификување, мерење, мониторинг, контрола и намалување на поединечните видови ризици,<br>- го одобрува и го спроведува интерниот акт за вршење на стрес тестирање,<br>- одобрува и спроведува интерен акт за воведување нов производ или систем на банката,<br>- редовно ја следи имплементацијата на политиките, процедурите за управување со ризиците,<br>- го воспоставува информативниот систем, како и системот за известување на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици,<br>- јасно и прецизно ги дефинира одговорностите на секој вработен/сектор во процесот на управување со одделните видови ризици,<br>- обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот на управување со поединечните ризици, вклучувајќи и соодветно и навремено информирање на сите вработени во Банката вклучени во процесот на управување со одделни ризици. |


Собрание
Надзорен одбор
Одбор за ревизија
Служба за внатрешна ревизија
Одбор за управување со ризици
Управен одбор
Лице за контрола на усогласеност на работењето на банката со прописите
Кабинет на Управен одбор
Лице одговорно за спречување на перење пари и фин.на тероризам
Одговорно лице за сигурност на информативниот систем
Сектор за кредитирање и гаранции
Сектор за кредитно осигурување
Сектор за средства и ликвидност
Служба за правни и општи работи
Служба за управување со ризици
Служба за ИТ
Служба за план и анализа
Одделение за кредитирање
Одделение за гаранции
Одделение за администрирање
Одделение за средства и ликвидност